Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), во согласност со член 67 став 1, 7 и 8 од истиот Закон, а во врска со точка 5 алинеи 2 и 3 и точка 8 и 10 од Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г., член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување од Радиодифузното трговско друштво РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.0306-910/1 од 19.02.2024 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.0201-1054/3 од 01.03.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 01.03.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

**1.** СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за промена и дополнување на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од Дозволата за радио емитување, Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024 г. на Радиодифузното трговско друштво РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, во однос на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик и да се зголеми обемот на сопствена програма, односно од 4 часа да се зголеми на 23 часа и 50 минути на неделно ниво.

**2.** За промената и дополнувањето од точка 1. на оваа Одлука, Агенцијата на радиодифузерот ќе му издаде усогласена дозвола за радио емитување.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Радиодифузното трговско Друштво (РТД) РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново), е имател на дозвола за радио емитување Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024 г.[2], со важност од 3 (три) години, која истекува на 04.01.2027 г. за емитување преку терестријален предавател – радиофреквенции на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на албански јазик. Согласно програмскиот концепт кој е составен дел на Дозволата за радио емитување на РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје како Прилог бр.3., форматот на програмскиот сервис на радиодифузерот е музичко-говорно радио од општ формат, радиодифузерот го емитува говорниот дел од програмскиот сервис на албански јазик, а обемот на сопствена програма во програмскиот концепт од неговата дозвола изнесува 4 часа на неделно ниво.

Согласно член 67 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), форматот на програмскиот сервис на радиодифузерот (општ или специјализиран) и основните суштински насоки за работата на радиодифузерот се утврдени со програмски концепт. Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела. За промена или дополнување на програмскиот концепт врз основа на кој радиодифузерот ја добил дозволата за телевизиско или радио емитување, повеќе од 20%, радиодифузерот мора да добие претходна согласност од Агенцијата. Барањето за добивање на согласност се доставува на образец изготвен од страна на Агенцијата и објавен на нејзината веб страница. Програмскиот концепт врз основа на кој радиодифузерот ја добил дозволата за

---

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

[2] Дозволата е издадена на Барање на РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје (со поранешен назив РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с.Арачиново Арачиново), поради извршена промена на називот на правното лице/имател на дозволата, како и промената на сопственичката структура на радиодифузерот, согласно Одлуката за промена на сопственичка структура на РТД АРАЧИНА ДООЕЛ с. Арачиново Арачиново, Уп1 бр.02-329 од 24.11.2023 г.

телевизиско или радио емитување, како и неговите промени или дополнувања се објавуваат на веб страницата на Агенцијата (член 67 ставови 6, 7 и 8 од ЗАВМУ).

Советот на Агенцијата на 23-та седница одржана на 19.07.2023 г., усвои обрасци на барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата, за телевизиско и за радио емитување и истите ги објави на веб страницата на Агенцијата.

На 19.02.2024 г. РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, согласно член 67 став 7 од ЗАВМУ, поднесе Барање на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, наш арх.бр.0306-910/1 од 19.02.2024 г. на соодветен образец. Во предметното барање на согласност, радиодифузерот бара промена, односно дополнување на програмскиот концепт во однос на јазикот на емитување на програмскиот сервис, односно покрај емитување програма на албански јазик, да емитува програма и на турски јазик и да се зголеми обемот на сопствена програма, односно од 4 часа да се зголеми на 23 часа и 50 минути на неделно ниво.

Согласно Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт (наш арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г.), програмскиот концепт се состои од повеќе елементи поврзани со програмата на радиодифузерот, меѓу кои и јазикот на емитување и обемот на сопствена програма. Во главата „Вреднување на критериумите за надзор“ на ова Упатство е наведено дека јазикот на емитување се вреднува со 25 бодови, односно со 25%, а обемот на сопствената програма се вреднува со 5 бодови, односно со 5%, што значи дека бараната промена и дополнување на програмскиот концепт изнесува повеќе од 20% и за неа е потребна претходна согласност од Агенцијата.

По разгледување на доставеното барање од РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, надлежниот сектор констатираше дека истото е комплетно и уредно, дека бараната промена на програмскиот концепт на радиодифузерот претставува дополнување и зајакнување на претходно прифатени обврски од радиодифузерот, како и дека истата ќе придонесе за збогатување на неговата програмска понуда и збогатување на културниот плурализам со додавањето на содржини и на турски јазик. При тоа, со зголемување на обемот на сопствената програма на радиодифузерот нема да има промени во структурата на музиката по видови и жанрови, ниту на структурата на говорниот дел од програмата по видови програми.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, а со оглед дека Барањето, наш арх.бр.0306-910/1 од 19.02.2024 г. на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од Дозволата за радио емитување од РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024 г. е согласно член 67 став 6 и 7 од ЗАВМУ, д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог арх.бр.0306-910/2 од 29.02.2024 г., за донесување на одлука со која се дава согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од Програмскиот концепт од дозволата за радио емитување, Уп1 бр.0802-37 од 07.02.2024 г. на РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, во однос на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик и да се зголеми обемот на сопствена програма, односно од 4 часа да се зголеми на 23 часа и 50 минути на неделно ниво.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од ЗАВМУ, во согласност со член 67 став 1, 7 и 8 од истиот Закон, а во врска со точка 5 алинеи 2 и 3 и точка 8 и 10 од Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, арх.бр.01-2265/1 од 03.05.2018 г., член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеи 1 и 15 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одлучувајќи по Барањето на согласност за промена или дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување од РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје, наш арх.бр.0306-910/1 од 19.02.2024 г., согласно Заклучокот арх.бр.0201-1054/3 од 01.03.2024 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот. За промената и дополнувањето од точка 1. на оваа Одлука, Агенцијата на радиодифузерот ќе му издаде усогласена дозвола за радио емитување. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

____________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.

**Доставено до:**

1. РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје;
2. Управителот на РТД РАДИО 99 ДООЕЛ Скопје;
3. Сектор за програмски работи;
4. Сектор за правни работи и јавни набавки и
5. Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1.